Врз основа на член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), а во согласност со Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 14.06.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка**

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди на локалитетите: село Огут, село Луке, село Нерав и село Метежево во Општина Крива Паланка.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 –2388/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**14.06.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Палнака** **Миле Милковскис,р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Извештај од Комисијата за проценка и утврдување висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка за 2009 година, што Советот го донесе на 16-та седница одржана на 17.05.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2388/2** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**16.06.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 став 1, точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.07/06) Советот на општина Крива Паланка, на седницата одржана на 14.06.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
**За давање поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на патот кај село Дубровница Крива Паланка**

Член 1

Советот на Општина Крива Паланка дава поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на патот кај село Дубровница Крива Паланка на седницата одржана на 14.06.2010 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 – 2388/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**14.96.2010 год.** — **Претседател**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**За давање поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на патот кај село Дубровница Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за давање поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на лпатот кај селоДубровница Крива Паланка, што Советот ја донесе на 17-та седница, одржана на 14.06.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2388/4** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**16.06.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

# С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за усвојување на Извештај од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди  во Општина Крива Паланка ........................................ 197
2. Заклучок за усвојување на Извештај од Комисијата за проценка и утврдување на висината на шлтетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка ........................................ 197
3. Одлука за давање на поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на патот кај село Дубровница Крива Паланка 198
4. Заклулчок за прогласување на Одлука за давање на поддршка за внесување на клучка во проектот за изградба на Коридор 8 на патот кај село Дубровница Крива Паланка ........................................ 198